ПП бр: 09-____________

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: Димитрија Вревезоски – претседател, проф.д-р Владимир Наумовски и Насер Жарку – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок бр. 09-25/2 од 25.05.2021 година против МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО со седиште на Тежачка 13, Врговац (Град Врговац), Република Хрватска, застапувана од адвокатско друштво Интер Партес од Скопје, на седницата одржана на 20.04.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО со седиште на Тежачка 13, Врговац (Град Врговац), Република Хрватска, застапувана од адвокатско друштво Интер Партес од Скопје како претпријатие кое стекнало директна контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТИЈА Д.Д со седиште во Загреб, Равнице 48, Република Хрватска, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за концентрација по склучување на Договорот за купопродажба на акции од 12.12.2019 година, а пред неизиното спроведување односно пред 19.12.2019 година како ден кога се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска, истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 92.488,оо денари што претставува околу ххх % од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО остварен во 2018 година како година која и претходи на концентрацијата.

2) Се утврдува дека МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО со седиште на Тежачка 13, Врговац (Град Врговац), Република Хрватска, застапувана од адвокатско друштво Интер Партес од Скопје како претпријатие кое стекнало контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТИЈА Д.Д со седиште во Загреб, Равнице 48, Република Хрватска, иако согласно член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 07.04.2021 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со

Законот за заштита на конкуренцијата. МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО ја спровело концентрацијата на 19.12.2019 година како ден кога се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 764.567,00 денари што претставува околу xxx % од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО остварен во 2018 година како година која и претходи на концентрацијата.

3) За прекршокот од точка 1) и 2) од ова решение на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО со седиште на Тежачка 13, Врговац (Град Врговац), Република Хрватска, застапувана од адвокатско друштво Интер Партес од Скопје, согласно член 17 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.96/19), му се изрекува единствена прекршочна санкција во износ од 857.055,оо денари, што претставува приближно xxx % од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО остварен во 2018 година како година која и претходи на концентрацијата.

4) Глобата од точка 3) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), постапувајќи по поднесеното известување за концентрација со која МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Република Хрватска се стекнува со директна контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТИЈА Д.Д со седиште во Загреб, Равнице 48, Република Хрватска, до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП), на 10.05.2021 година достави допис бр. 09-25/1, со цел КОП да утврди дали во наведениот предмет евентуално е

---

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

сторен прекршок од член 60 став (1) точка 1) и член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП на 25.05.2021 година по службена должност донесе заклучок бр.09-25/2 за поведување на прекршочна постапка против МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО со седиште на Тежачка 13, Вргорац (Град Вргорац), Република Хрватска, застапувана од адвокатско друштво Интер Партес од Скопје, заради неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 од Законот, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот и заради спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

Со заклучокот за поведување на прекршочна постапка КОП го задолжи МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО**,** согласно член 40 од Законот, да достави:

- Објаснување како се вршени трансакциите за купување на акции во периодот од 23.11.2019 година до 23.12.2019 година, со наведување на точен датум на секоја трансакција било да е преку откуп на акциии на регулиран пазар (берза) или со индивидуални договори за купување на акции (надвор од регулиран пазар односно надвор од берзата).
- доказ кога е спроведена трансакцијата со која МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ стекнал контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д со седиште во Загреб, Равнице 48, Република Хрватска односно кога (кој датум) за прв пат МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО се стекнала со контрола (односно со 50 % плус 1 акција) во КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д..
- Извод за извршени уписи во Централно клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска на сите трансакции со кои МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО ги стекнала мнозинството на акциите на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. со точно наведување на уписот со кој е стекната контролата над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д и наведување на датата кога се поднесени пријавите за упис.
- Биланс на успех за МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Загреб Хрватска за 2020 година со превод.
- Податок за вкупно остварени приходи на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Загреб Република Хрватска во 2020 година, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање

на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот.
Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

- Податок за вкупно остварени приходи на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Загреб Република Хрватска за 2020 година на пазарот во Република Северна Македонија (и да се даде објаснување од која дејност се остварени приходите) и
- Податок за вкупно остварени приходи на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Загреб Република Хрватска за 2018 и 2019 година на пазарот во Република Северна Македонија (и да се даде објаснување од која дејност се остварени приходите).

Со допис бр. 09-25/3 од 04.06.2021 година КОП го достави заклучокот за поведување на прекршочна постапка до МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО.

Со допис бр 09-25/4 од 08.06.2021 година МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје достави полномошно.

Со допис бр 09-25/5 од 12.07.2021 година МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје побара продолжување на рокот за доставување на податоци побарани со заклучокот за поведување на прекршочна постапка.

КОП со допис бр. 09-25/6 од 12.07.2021 година го продолжи рокот за доставување на податоци.

Со допис бр. 09-25/7 од 13.07.2021 година адвокатско друштво Интер Партес од Скопје достави полномошно за подигање на заклучокот за поведување на прекршочна постапка.

Со допис бр 09-25/8 од 26.07.2021 година МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје одговори на заклучокот за поведување на прекршочна постапка.

КОП на 25.11.2021 година донесе прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр 09-25/9.

КОП со допис бр. 09-25/10 го достави до МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО  преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр 09-25/11 од 30.12.2021 година МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје се произнесе по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба и побара продолжување на рокот за дополнително произнесување.

КОП со допис бр. 09-2/1 од 05.01.2022 година го продолжи рокот за доставување на дополнителни докази и целосно произнесување по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр 09-2/2 од 14.01.2022 година МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје се произнесе дополнително по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

КОП на 17.02.2022 година донесе конечно известување за утврдена фактичка состојба бр. 09-2/3.

КОП со допис бр. 09-2/4 го достави до МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО  преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје конечното известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр 09-2/5 од 14.03.2022 година МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО преку адвокатско друштво Интер Партес од Скопје се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

**Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП во досегашната постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:**

Согласно член 15 од Законот, на ден 01.03.2021 година, а дополнето на 24.03.2021 година до Комисијата е доставено известување за концентрација од МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО со седиште Тежачка 13, Вргорац (Град Вргорац), Република Хрватска, со која концентрација МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Република Хрватска се стекнува со директна контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д со седиште во Загреб, Равнице 48, Република Хрватска.

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.

Оваа концентрација настанува со стекнување на директна контрола, т.е. со стекнување на поголемиот дел од акциите на издавачот КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д од страна на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Република Хрватска.

Концентрацијата со која МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО со седиште Тежачка 13, Врговац (Град Врговац), Република Хрватска, се стекнува со директна контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д со седиште во Загреб, Равнице 48, Република Хрватска, е одобрена од страна на Комисијата со Решение бр. 08-31 од 07.04.2021 година.

Согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот, известување за концентрација до Комисијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност.

Вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО, генериран од продажба на стоки и услуги на светскиот пазар за 2018 година, (како година која и претходи на концентрацијата) изнесува xxx HRK односно xxx евра или во денарска противвредност xxx денари.

Вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО, генериран од продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Северна Македонија за 2018 година изнесува xxx HRK односно xxx евра или во денарска противвредност xxx денари.

Вкупниот годишен приход на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д генериран од продажба на стоки и услуги на светскиот пазар за 2018 година, изнесувал xxx HRK односно xxx евра или во денарска противвредност xxx денари.

Вкупниот годишен приход на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д, генериран од продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Северна Македонија за 2018 година изнесува xxx  евра односно во денарска противвредност xxx денари.

МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО нема регистрирано свое зависно друштво во Република Северна Македонија, но на пазарот во Северна Македонија во 2018 година, преку компанијата во нејзина сопственост П П К д.д. Карловац има остварено продажба на производи на еден купувач во Северна Македонија- Колид С Тим Дооел.

КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д има едно зависно друштво регистрирано во Република Северна Македонија - Друштво за трговија и услуги Крашкомерц КРАШ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Даме Груев бр.3 Скопје - Центар, ЕМБС: 4273028 и ЕДБ: 4030991254944, со регистрирана дејност трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер.

**Од наведеното, неспорно е дека биле исполнети условите за известување за концентрација од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот, па согласно истиот член <u>морало да биде поднесено известување за концентрација до Комисијата.</u>**

Согласно членот 15 став (3) од Законот - За концентрацијата која настанува како резултат од спојување во смисла на член 12 став (1) точка 1) од овој закон или со стекнување на заедничка контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од овој закон, заедничко известување поднесуваат учесниците на спојувањето односно стекнувачите на заедничката контрола. **<u>Во сите други случаи, известувањето го поднесува лицето односно претпријатието кое ја стекнува контролата на цело или дел од едно или повеќе претпријатија.</u>**

Во конкретниот случај со оглед на фактот дека МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО Град Вргорац Република Хрватска **се стекнал со директна контрола над** КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д согласно член 15 став (3) од Законот, истиот **бил должен да поднесе известување за концентрација до Комисијата.**

Согласно член 15 став (1) од Законот - учесниците во концентрацијата должни се до Комисијата за заштита на конкуренцијата **да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието.**

Во конкретниот случај МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО бил должен да поднесе известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието.

МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО ги стекнал акциите последователно, во подолг временски период, преку купување на акциите на регулираниот пазар на Загребската берза д.д., а во дел и со склучување договори за купување и продажба на акции надвор од регулираниот пазар. Стекнувањето на акциите се одвивало по следниот редослед:

На 25.10.2019 година, МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО објавил јавна понуда за преземање на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. врз

основа на која за време на траењето на понудата (од 25.10.2019 до 22.11.2019 година), се здобил со вкупно 1.343 акции на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д..

По истекот на понудата за преземање, на 23.11.2019 година, МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО склучил Договор за продажба и трансфер на акции со продавачот КРАШ-ЕСОП доо, Загреб, Равнице 48, ОИБ: 58503250293, врз основа на кој МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО се здобил со дополнителни ххх акции на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. По ова, МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО има сопственост на вкупно ххх акции на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д што претставува ххх% од вкупниот број на акции на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д.

Врз основа на Договор склучен на ден 12.12.2019 година помеѓу Хрниќ Ерна, ЛИБ 68230368043 од Домагојева 10, Загреб како продавач и МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО како купувач, за купопродажба на 771 обична акција со номинална вредност од 400,00 куни за секоја во КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. во сопственост на Хрниќ Ерна, МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО се здобил со акции со кои го надминал прагот од 50% од акциите на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. односно се здобил со акции што претставуваат 50,52% од вкупно издадените акции, и **се стекнал со директна контрола над** КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д., со што настанала концентрација за која согласно Законот МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО бил должен да ја извести Комисијата.

На 19.12.2019 година се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска.

Видно од табеларниот приказ во кој се упишани сите трансакции со кои МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО стекнал мнозинство на акциите на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. издаден од Централно клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска, под ознака за книжење 19552493, на ден 23.12.2019 година, евидентирано е стекнувањето на 771 обична акција на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д кои се стекнати врз основа на Договорот за купопродажба на акции склучен на ден 12.12.2019 година, помеѓу Хрниќ Ерна, ЛИБ 68230368043 од Домагојева 10, Загреб како продавач и МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО како купувач, односно извршен е упис со кој упис настанала концентрацијата со која е стекната контролата над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д.

Истиот ден на 23.12.2019 година, биле упишани уште акциите кои МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО дополнително ги здобил како преку регулираниот пазар на Загребската берза д.д. и така и со склучување на неколку индивидуални договори за купување и трансфер на акции.

МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО како претпријатие кое стекнало контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. согласно член 15 став (1) од Законот бил должен до Комисијата да достави известување за концентрација по склучување на Договорот за купопродажба на акции од 12.12.2019 година, а пред неговото спроведување односно пред 19.12.2019 година како ден кога се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клиринишко депозитарно друштво на Република Хрватска. **Иако МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО бил должен, истиот не доставил известување за концентрација во наведениот период, со што сторил прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.**

Известување за наведената концентрација МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО до Комисијата доставил на ден 01.03.2021 година, по спроведување на концентрацијата, спротивно на Законот, со што неспорно сторил прекршок од од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

КОП не го прифаќа ставот на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО дека при постапување и пријавување ги имала во предвид и постапувала согласно Законот за заштита на конкуренцијата и донесените подзаконски акти и насоките на Комисијата. Имено, согласно МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО во Насоките за поимот – концентрација објавени на веб страната на Комисијата, стои: *самите промени во нивото на акциите/уделите на истите акционери/содружници со контролен удел, а без промени на правата кои ги имаат во претпријатието и во составот на контролната структура на претпријатието, не претставуваат промена во квалитетот на контрола и следствено не претставуваат концентрација која подлежи на обврската за известување за концентрација.* КОП истакнува дека најнапред МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО цитира погрешни делови од Насоките за поим на концентрација, кои не се однесуваат за конкретниов случај, бидејќи во конкретниов случај МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО поднесе известување за концентрација и по однос на истото, Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе решение бр. 08-31 од 07.04.2021 година со кое утврди дека предметната концентрација е во согласност со одредбите од Законот. Значи и самиот МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО констатирал дека се работи за концентрација за која имал обврска да поднесе известување до Комисијата.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 1) од Законот е од 12.12.2019 година како ден кога е склучен Договорот за купопродажба на акции, а пред неговото спроведување односно пред 19.12.2019 година, како ден кога се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клиринишко депозитарно друштво на Република Хрватска.

За сторениот прекршок на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО согласно член 60 став (1) точка 1) од Законот ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, пресметан согласно член 16 од Законот, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

Вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО, генериран од продажба на стоки и услуги на светскиот пазар за 2018 година (како година која и претходи на концентрацијата) изнесува ххх HRK односно ххх евра или во денарска противвредност ххх денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-31 од 07.04.2021 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани негативни последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО доброволно ја информира Комисијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-31 од 01.03.2021 година, а дополнето на 24.03.2021 година;
- До поднесување на известувањето не се настанати промени во контролната структура на претпријатието КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. се до донесувањето на решението од страна на Комисијата заштита на конкуренцијата 08-31 од 07.04.2021 година и

- МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното, КОП утврди дека МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО како претпријатие кое стекнало контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување односно пред 19.12.2019 година како ден кога се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска, а по склучување на Договорот за купопродажба на акции од 12.12.2019 година, истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 92.488,00 денари што претставува околу xxx % од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО остварен во 2018 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 18 став (1) од Законот, **концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.**

**Правната основа на концентрацијата** претставува Договорот за купопродажба на акции КРАШ д.д.,Загреб, склучен во Загреб на ден 12.12.2019 година помеѓу Хрниќ Ерна, ЛИБ 68230368043 од Домагоева 10, Загреб како Продавач и МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО како купувач, за купопродажба на 771 обична акција на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. со номинална вредност од 400,00 куни за секоја кои се во сопственост на продавачот Хрниќ Ерна во системот на Централно депозитарно и клириншно друштво д.д книжено на сметка со ознака: 1277200.

Врз основа на доставените податоци КОП утврди дека на ден 19.12.2019 година се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска**, со што е спроведена концентрацијата со која е стекната контролата над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д.**

КОП утврди дека известувањето за концентрацијата е поднесено до Комисијата на ден 01.03.2021 година, концентрацијата е спроведена на ден 19.12.2019 година, а решението на Комијата е донесено на ден 07.04.2021 година.

Оттука, КОП утврди дека концентрацијата е спроведена пред да биде поднесено известувањето до Комисијата и без да биде донесено решение

од Комисијата, односно МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО постапил спротивно на член 18 став (1) од Законот.

Врз основа на погоре наведеното КОП утврди дека МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО ја спровел концентрацијата спротивно на член 18 став (1) од Законот со што сторил прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП исто така не го прифаќа ставот на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО наведува дека со стекнувањето на поголем удел од акциите на КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д., не настанале промени во контролната структура на претпријатието, од која причина стекнувањето и поднесувањето на пријавите за упис во Централното клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска не може да се смета и толкува како спроведување на концентрацијата. Имено, согласно Насоките за поимот – концентрација, контролата е дефинирана како можност за вршење одлучувачко влијание врз претпријатието, па оттука не е потребно да се покажува дека одлучувачкото влијание е или ќе биде реално извршено. Согласно ова, со самото стекнување на контрола врз КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д., без оглед дали настанале промени во контролата на управувањето и одлучувањето, МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО имал обврска да ја извести Комисијата за концентрацијата пред уписот на акциите во Централното клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 2) од Законот е од 19.12.2019 година како денот кога се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска до 07.04.2021 година како ден кога е донесено решение на Комисијата УП бр. 08-31 со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот.

За сторениот прекршок на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО согласно член 60 став (1) точка 2) од Законот ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, пресметан согласно член 16 од Законот, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните

претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

Вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО, генериран од продажба на стоки и услуги на светскиот пазар за 2018 година (како година која и претходи на концентрацијата) изнесува xxx HRK односно xxx евра или во денарска противвредност xxx денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-31 од 07.04.2021 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани негативни последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО доброволно ја информира Комисијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-31 од 01.03.2021 година, а дополнето на 24.03.2021 година;
- До поднесување на известувањето не се настанати промени во контролната структура на претпријатието КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. се до донесувањето на решението од страна на Комисијата заштита на конкуренцијата 08-31 од 07.04.2021 година и
- МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното, КОП утврди дека МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО како претпријатие кое стекнало контрола над КРАШ ПРЕХРАМБЕНА ИНДУСТРИЈА Д.Д. иако согласно член 18 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 07.04.2021 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот, МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО ја спровело концентрацијата на 19.12.2019 година како ден кога се поднесени пријавите за упис на стекнувањата во Централното Клириншко депозитарно друштво на Република Хрватска, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 764.567.00 денари што претставува околу xxx % од вредноста на вкупниот годишен

приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО остварен во 2018 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 17 став (1) од Законот за прекршоците - Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди прекршочната санкција за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена прекршочна санкција сите така утврдени прекршочни санкции.

Согласно член 17 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена прекршочна санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Оттука, КОП на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО согласно член 17 од Законот за прекршоците, му изрекува единствена прекршочна санкција во износ од 857.055,oo денари, што претставува приближно xxx % од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕСНА ИНДУСТРИЈА БРАЌА ПИВАЦ ДОО остварен во 2018 година како година која и претходи на концентрацијата.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
**Комисија за одлучување по прекршок**
**Претседател**
**Димитрија Вревезоски**